РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-7423/5
04-11-2022 год.
СТРУМИЦА

Врз основа на реализацијата на Активност бр. 7 – Финансиска поддршка на младински иницијативи - Старт ап бизниси за млади во 2022/23 година од Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на Локалниот економски развој и туризмот за 2022 година - Г1 Програмата - Поддршка на ЛЕР, од Буџетот на општина Струмица за 2022 година, и врз основа на член 39 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица„ бр5/06), Градоначалникот на општина Струмица објавува :

# ЈАВЕН ПОВИК

(втор пат)

за

„Поддршка на младински иницијативи - Старт ап за млади во 2022/23 година Втора Фаза" до исполнување на бројот

Се повикуваат сите заинтересирани млади невработени лица од Општина Струмица, кои имаат намера во рамките на своите бизнис идеи да започнат свои сопствени бизниси во Општина Струмица во 2022 година да се пријават на Јавниот повик заради нивно вклучување во процесот на зајакнување на нивните капацитети во рамките на реализацијата на Активност бр 7 – Финансиска поддршка на младински иницијативи - Старт ап бизниси за млади во 2022/23 година од Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на Локалниот економски развој и туризмот за 2022 година - Г1 Програмата - Поддршка на ЛЕР, од Буџетот на општина Струмица за 2022 година.

**Целта на реализацијата на Активност бр 7 – Финансиска поддршка на младински иницијативи - Старт ап бизниси за млади во 2022/23 година во рамките на Јавниот повик е да ги поттикнеме и охрабриме младите невработени лица од Општина Струмица да се вклучат во процесот за да изградат соодветни лични капацитети за развивање на своите бизнис идеи во реално остварливи бизнис планови со кои ќе може да започнат (стартуваат) свои бизниси. Да се здобијат со можноста за користење на општинска финансиска поддршка и воедно оспособат за аплицирање и користење на мерките на Владата на Република Северна Македонија преку Агенцијата за вработување, подрачна единица во Струмица!**

Од сите пријавени кандидати на јавниот повик, именуваната Комисијата со Решение од Градоначалникот за таа намена во првична селекција која се однесува на разгледување на комплетноста на документацијата(апликацијата) ќе избере **20 кандидати** (бизнис идеи) кои ќе бидат вклучени во процесот на зајакнување на нивните поединечни лични капацитети заради стартување на свои сопствени бизниси во период од 12 месеци.

- На сите 20 избрани кандидати во рамките на процесот во период од 2 месеци ќе им биде овозможена соодветна експертска обука во рамките на четири модули:

✓ *Вовед во претприемништво и претприемачки начин на водење Бизнис*
✓ *Бизнис План и деловно планирање*
✓ *Финансиски аспекти на водење Бизнис*
✓ *Маркетинг и промоција на претприемачки бизниси*

На сите 20 избрани кандидати во рамките на процесот во период од еден месец во рамките на стручна помош и експертска поддршка ќе им биде овозможено развивање на нивните Бизнис идеи во Бизнис планови.

- На сите 20 избрани кандидати во рамките на процесот во период од 12 месеци ќе им биде овозможена психолошка поддршка во истрајноста (започнување, стартување и функционирање) на сопствениот бизнис.
- Во рамките на процесот ќе биде организиран натпревар на бизнис планови на кои сите кандидати пред Именувана со Решение од Градоначалник стучна Комисија ќе имаат можност да ги претстават своите Бизнис планови. Најдобрите избрани 5 Бизнис планови ќе бидат финансиски поддржани со по 60.000,00 денари заради стартување на сопствениот бизнис( набавка на дел од опрема или репро материјали).
- На сите кандидати, учесници во процесот не зависно дали добиле или не финансиска поддршка, во период од 9 месеци од стартувањето на сопствениот бизнис ќе им биде овозможена стручна менторска поддршка на функциоирањето на нивните сопствени старт ап бизниси, доколку стартуваат сопствени бизниси.

**Јавниот повик се објавува на општинската Веб Страница и има важност од 20**

дена, вклучително и денот на објавувањето на јавниот повик! Во прилог на Јавниот повик стои Пријава за Учество!

**Заинтересираните кандидати на Јавниот повик може да се пријават во определениот временски рок секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот.**

**Потребна документација за аплицирање:**

1. Пополнета пријава
2. Копија од диплома за завршено образование
3. Копија од лична карта

Заинтересираните кандидати документацијата ја доставуваат до општинската архива на Секторот за ЛЕР и Заштита на животна средина во ДОМ на АРМ.

На затворениот плик на предната страна треба да стои **„ До Општина Струмица, Ул. Благој Јанков Мучето“ бр. 37-поранешен ДОМ на АРМ, Струмица, Република Северна Македонија, и под неа „За Учество во Активноста Активност бр 7 – Финансиска поддршка на младински иницијативи - Старт ап бизниси за млади во 2022/23 година.**

**Напомена: Кандидатите со завршено високо образование и кои како невработени лица се евидентирани во Агенцијата за вработување на РС Македонија, подрачна единица Струмица ќе имаат предност пред другите!**

**Лице за контакт:**
**Лилјана Ивановска, ОДД за ЛЕР**
**е-маил:liljanastojanova@hotmail.com**
**моб. 078/852-951**

**Градоначалник**
**на Општина Струмица**
**Костадин Костадинов**